**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

**ПРЕДЛАГАЧ:**
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ПРЕТСТАВНИЦИ:**
**-Михајло Маневски, министер**
**-Ибрахим Ибрахими, заменик министер**

**ПОВЕРЕНИЦИ:**
**-Билјана Бришкоска-Бошковски, државен секретар**
**-Валентина Шаурек, државен советник**

# ПРЕДЛОГ
## НА ЗАКОН ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

Скопје, мај 2009 година

Вовед:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБАТА ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ

Со Уставот на Република Македонија во членот 9 е пропишано дека граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјално потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба, со што на сите граѓани во државата им се обезбедува еднаков пристап до правдата и институциите на системот.

Со Европската конвенција за човекови права во членот 6 е предвидено дека правото на пристап кон правдата претставува основна карактеристика на секое демократско општество.

Без оглед на вака прокламираното право, факт е дека имотната состојба на граѓаните во голема мера го ограничува користењето на ова со Устав загарантирано право.

Во Законот за парничната постапка е предвидена одредба со која судот ќе ја ослободи странката од плаќање на трошоците на постапката, ако според својата општа имотна состојба не е во можност да ги поднесе трошоците без штета за својата нужна издршка и нужна издршка на своето семејство. Ова ослободување опфаќа ослободување од плаќање на судски такси и ослободување од плаќање на аванс за трошоци на сведоци, вештаци за увид и за судски одлуки. Во случај ако судот определи целосно ослободување од плаќање на трошоци на постапка, тогаш основниот суд по барање на странката ќе определи да ја застапува полномошник, но само ако тоа е нужно заради заштита на правата на странката. Во конкретниот случај од средствата на

судот се исплаќаат аванси за трошоци за сведоци, вештаци, преведувачи, толкувачи, за увид и за издавање на судски оглас, како и трошоци за поставениот полномошник.

Имајки ја во предвид потребата за сеопфатно уредување на оваа материја, се оцени дека одредбите од Законот за парничната постапка кои се однесуваат на ослободување од плаќање на трошоци на постапката, не го обезбедуваат доволно уставно загарантираното право, и затоа што тие се однесуваат само на постапки кои се во тек .

За недоволно уредената состојба во споменатата област е укажано и во Аналитичкиот извештај по мислењето за барање на Република Македонија за членство во Европската унија од 9 ноември 2005 година во кој правната помош е оценета како незадоволителна и е дадена препорака за нејзино зајакнување пред се во областа на граѓанското право .

Донесувањето на предложениот закон е потребно и поради востановениот карактер на нашата држава како суверена, самостојна, демократска и социјална држава. Со предложениот закон ќе се овозможи сите граѓани, без оглед на својата социјална состојба да можат да ги остваруваат определените права, односно ќе се реализира начелото на еднаквост пред законот кое значи и еднакви можности при користењето на правната заштита. За граѓаните начелото на еднаква можност не значи само гарантирање на исти права од областа на материјалното право, туку граѓанинот да биде во положба во која ќе може да се запознае со неговите права и тие реално да може да ги оствари.

Со предложениот закон државата ќе ја симне “бариерата на трошоци” како пречка за остварување на определени права.

Имајќи ги предвид наведениве слабости, се наметна потребата од донесување на овој закон.

Едновремено, причина за донесување на Законот за бесплатна правна помош е и потребата од усогласување на домашното законодавство со меѓународните стандарди од областа на правната помош. Во текстот на законот се вградени одредбите од Директивата на Комисијата 2002/8/ЕК од 27 јануари 2003 за подобрување на пристапот до правдата во прекуграничните спорови преку воспоставување на минимални заеднички правила поврзани со правната помош во таквите спорови, а кои ќе влезат во сила со пристапувањето на Република Македонија во членство на Европската унија.Исто така содржани се одредби и од Резолуцијата (76) 5 за правна помош во граѓанска, трговска и административна материја усвоена од Комитетот на министри на Советот на Европа 1976 година, Резолуцијата (78) 8 за правна помош и правен совет усвоена од Комитетот на министрите на Советот на Европа 1978 година како и Препораката П(93)1 на Комитетот на министри до државите членки за ефикасен пристап кон правдата и судството на лицата во состојба на голема беда усвоена 1993 година, која препорачува за да се олесни ефективниот пристап кон правдата на лица во состојба на голема беда да се формираат служби за правен совет.

Согласно со наведеното се предлага со овој закон на подрачјето на 34-те подрачни одделенија на Министерството за правда да работат дипломирани правници овластени за давање на правен совет. На овој начин ќе се овозможи непосреден пристап на граѓаните до канцелариите за бесплатна правна помош, а воедно се предвидува и можност претходна правна

помош да биде давана и од здруженија на граѓани овластени за давање на претходна правна помош на начин и под услови уредени со овој закон. Бесплатната правна помош ќе одобрува Министерството за правда кое ќе биде должно по барањето да постапи веднаш водејќи сметка за итноста на спорот предвиден во соодветната постапка.

Во меѓународните документи, исто така, им се препорачува на државите членки, правната помош да се дава од страна на лице квалификувано за вршење на правна професија во согласност со прописите на заинтересираната држава, како и помошта да биде финансирана од страна на државата. Се препорачува да се почитува волјата на лицето на кое му се дава правна помош да го избере квалификуваното лице кое ќе го застапува, и секако за извршената работа на ова квалификувано лице да му биде исплатена адекватна награда. Овие и други одредби од посочените резолуции и препораки се вградени во текстот на предлогот за донесување на закон, за кои се оцени дека соодветствуваат на нашиот правен систем.

Во изработката на законот се користени компаративни материјали од соседните Европски и балкански држави. Имено беа консултирани и законите за Бесплатна правна помош на Република Бугарија, Република Словенија, Република Хрватска, Црна Гора и Република Србија .

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Основна цел на Законот е да овозможи еднаков пристап на сите граѓани до институциите на системот преку запознавање, остварување и овозможување на ефективна правна помош.

Законот ќе овозможи отстранување на материјалните бариери, кои за одредена категорија граѓани преставуваат реална пречка за остварување на уставно загарантираните права и ќе обезбеди остварување на начелото на еднаков пристап до правдата. Потребата од неговото донесување е вградена и во самите темелни вредности на Уставот на нашата држава, кој Собранието на Република Македонија го донесе со цел да се обезбеди и социјална правда, економска благосостојба и напредок на личниот и заеднички живот.

Законот чие донесување се предлага се заснова врз следните начела:

- еднаков пристап до правдата,
- законитост,
- стручност и професионалност,
- почитување на стандардите на моралот и етиката,
- одговорност,
- транспарентност.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА.

Донесувањето на Законот ќе предизвика фискални импликации врз Буџетот на Република Македонија, пред се имајќи ја во предвид основната цел на законот, а тоа е овозможување на правна помош за граѓаните со слаба имотна состојба. Законот предвидува правната помош да биде реализирана од медијатори

и адвокати, а финансирана од страна на државата. Износот на средства потребни за имплементирање на законот се содржани во образецот за фискални импликации.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Во образецот за фискални импликации е дадена фискална пресметка за висината на средствата потребни за имплементација на законот во висина од 12.000.000,00 денари. Средствата ќе бидат обезбедени од буџетот на Министерството за правда и од сопствени приходи остварени со наплата на трошоците во постапка за извршување.

Спроведувањето на законот нема да предизвика материјални обврски за одделни субјекти.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

## Глава прва
## ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредува правото на бесплатна правна помош, постапката во која се остварува, корисниците, условите и начинот на неговото остварување, давателите на бесплатна правна помош, органите надлежни за одлучување, заштитата на правото на бесплатна правна помош, финансирањето и надзорот над неговото спроведување, организирање на денови на бесплатен правен совет, бесплатна правна помош во прекугранични спорови како и надзор над примената на одредбите од овој закон.

### Член 2

(1)Целта на законот е да обезбеди еднаков пристап на граѓаните до институциите на системот, за запознавање, остварување и за овозможување на ефективна правна помош, согласно со начелото за еднаков пристап до правдата.

(2)Постапката за бесплатна правна помош е итна постапка.

### Член 3

(1) Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следното значење:

1. „Членови на семејство“ се брачен или вонбрачен другар, деца и роднини во права линија до четврти степен или во странична линија до втор степен, а кои живеат во исто домаќинство со подносителот на барањето за бесплатна правна помош и заеднички ги сносат трошоците за живот.

2. „Имот“ на подносителот на барањето за бесплатна правна помош се подразбира целокупниот подвижен и недвижен имот, имотни права, износ на готовина во домашна или странска валута, парични средства на сопствена сметка или штедна

книшка, подарок, хартии од вредност, акции, удели во капитал и друг имот на подносителот на барањето или на полнолетни членови на негово домаќинство во земјата или странство.

3. „Корисник на бесплатна правна помош“ е физичко лице кое ги користи пропишаните облици на правна помош утврдени со овој закон.

4. „Општа правна информација“ е облик на бесплатна правна помош која содржи општи и начелни упатства за правното уредување на поодделна област.

5. „Овластено здружение на граѓани“ е здружение кое согласно одредбите од овој закон ги исполнува условите за давање на претходна правна помош и кое врз основа на решение на министерот за правда (во натамошниот текст: министерот) е овластено за давање на претходна правна помош и е запишано во Регистарот на здруженија на граѓани за претходна правна помош и

6. „Правен совет“ е целосна информација за начинот и можностите за решавање на поодделно правно прашање

Член 4

(1)Бесплатната правна помош, согласно со овој закон, се реализира од Министерството за правда, овластени здруженија на граѓани, адвокати и медијатори.

(2)Средствата за одобрување на бесплатната правна помош се обезбедуваат од Буџетот на Министерството за правда (во натамошниот текст Министерството) како посебна програма предложена од министерот за правда, одобрена од Владата на Република Македонија, како и од приходи согласно членот 39 од овој закон, донации и други приходи во согласност со закон.

Член 5

Право на бесплатна правна помош имаат физичките лица (во натамошниот текст: корисници) на начин и под услови утврдени со овој закон.

Член 6

(1)Бесплатната правна помош се остварува како претходна правна помош и правна помош во сите судски и управни постапки.

1). Претходната правна помош, опфаќа:

- иницијален правен совет за правото за користење на правната помош;
- општа правна информација;
- правна помош во составување на писмена пред органите на државната управа;

(2) Претходната правна помош се дава од овластено службено лице во подрачните одделенија на Министерството и од овластени здруженија на граѓани.

(3) Правна помош во постапка пред надлежен орган и организација (во натамошниот текст :правна помош), опфаќа:

- застапување во сите степени во судски и управни постапки;
- правна помош во постапка за медијација;
- составување на писмена во судски постапки.

(4) Правната помош се реализира од адвокати, а во постапка за медијација се реализира од медијатори.

Член 7

Бесплатната правна помош предвидена со овој закон не се однесува на случаите на задолжителна одбрана предвидени во кривичното право и Законот за малолетничка правда ниту ослободување од плаќање на трошоците на постапката предвидени во Законот за парничната постапка и Законот за општата управна постапка .

Член 8

(1) Барањето за правната помош согласно со одредбите на овој закон ќе се дозволи во сите судски и управни постапки, доколку со него се решава егзистенцијално прашање за барателот на правната помош.

(2) Под егзистенцијално прашање во смисла на овој закон се подразбираат особено: статусните прашања, правата од областа на социјалното, пензиското или инвалидското

осигурување, работните односи, заштитата на деца и малолетници, жртви на семејното насилство, заштита на жртви од казниви дела, заштита на жртви од трговија со луѓе, имотноправни и други прашања за кои Министерството ќе оцени дека се од егзистенцијална природа за барателот на правната помош.

Член 9

Бесплатна правна помош согласно со одредбите од овој закон нема да се одобри во работи кога е очигледно дека тие се неразумни или не постојат правни факти врз основа на кои може да бидат преземени правни дејствија.

Член 10

По поднесено барање за бесплатна правна помош одлучува Министерството.

Член 11

Министерството работите од областа на бесплатна правна помош ги врши во соработка со Адвокатската комора, Комората на медијатори,органите на судската власт, органите на државната управа, центарот за социјални работи, здруженија на граѓани и други органи кои се должни до Министерството да ги доставуваат бараните податоци.

Глава втора

КОРИСНИЦИ НА БЕСПЛАТНАТА ПРАВНА ПОМОШ

Член 12

(1)Право на бесплатна правна помош имаат лицата од ставот (2) на овој член, кои со оглед на својата материјална положба не би можеле да ги остварат со Устав и закон загарантираните права, без да го загрозат сопственото издржување и издржувањето на членовите на своето семејство со кои живеат во заедничко домаќинство.

(2)Право на бесплатна правна помош согласно со овој закон имаат државјаните на Република Македонија со постојано живеалиште во Република Македонија, и тоа:

- лица корисници на социјална помош;

- корисници на правото на инвалидски додаток, кои не остваруваат други приходи по основ на заработувачка или приходи од недвижности,

- корисници на најниска пензија кои живеат во семејна заедница со две или повеќе лица издржувани од него,

- семејства или самохран родител со едно или повеќе малолетни деца кои остваруваат право на детски додаток

(3) Право на бесплатна правна помош согласно овој закон има и:

- лице на кое му е одобрен азил, раселено или прогонето лице кое на територијата на Република Македонија има престојувалиште;

- странски државјанин, кој во согласност со меѓународните договори, без оглед дали на територијата на Република Македонија има престојувалиште или живеалиште, остварува негово право за кое е надлежен државен орган на Република Македонија.

- лице без државјанство, кое законски престојува во Република Македонија,

- државјанин на земја членка на Европската унија под услови и на начин предвиден со овој закон.

(4) Се смета дека е загрозена издршката на лицето кое бара бесплатна правна помош и издршката на членовите на неговото семејство со кои живее во заедничко домаќинство ако приходите по сите основи на тоа лице и членовите на неговото домаќинство не го преминуваат износот од 50% од просечна месечна плата исплатена во Република Македонија за претходниот месец во времето на поднесување на барањето за бесплатна правна помош.

(5) Приходите на лицето кое бара бесплатна правна помош може да бидат проценети индивидуално, ако постојат спротивставени семејни интереси во спор за кој се бара бесплатна правна помош.

(6) За лицата кои се корисници на социјална помош или инвалидски додаток, а не остваруваат други приходи по основ на заработувачка, или се корисници на детски додаток, Министерството прибавува информации од Центарот за социјални работи.

(7)Имотната состојба на лицето барател на бесплатна правна помош се утврдува врз основа на податоците за приходи по сите основи на тоа лице, како и на членовите на неговото домаќинство со кои живее, врз основа на уверение од надлежниот орган за имотната состојба и изјава за неговата материјално-

социјална состојба за период од шест месеци пред доставувањето на барањето.

Член 13

(1)Под приход на барателот на правна помош односно на членовите на неговото семејство со кои живее во исто домаќинство се смета целокупниот подвижен и недвижен имот освен:

-детски додаток;

-инвалидски додаток;

-додаток за туѓа нега;

-стипендии и други примања, заради образование и стручно оспособување;

-средства добиени заради отстранување на последици од елементарна непогода;

-надоместок на штета поради намалена животна активност,и

-средства одобрени од надлежна институција за лекување во странство.

Член 14

(1) Бесплатна правна помош не може да се одобри доколку барателот или член на негово семејство со кој живее во исто домаќинство има имот кој достигнува или надминува пет просечни месечни плати исплатени во Република Македонија во претходниот месец.

(2) Како имот согласно ставот (1) на овој член не се сметаат:

- предмети кои согласно Законот за извршување се иземени од извршувањето и
- моторно возило чија вредност не надминува две просечни месечни бруто-плати исплатени во Република Македонија во претходниот месец.

Глава трета
ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО НА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

Член 15

Бесплатна правна помош ги опфаќа оние трошоци на постапката што настанале по денот на одобрувањето на барањето за доделување на бесплатна правна помош и дејствија за правна помош кои по денот на одобрување на правната помош се уште не биле извршени.

Член 16

Претходна правна помош даваат овластени службени лица во подрачните одделенија на Министерството и овластени здруженија на граѓани запишани во Регистарот на здруженија на граѓани за претходна правна помош.

Член 17

(1)Овластени здруженија на граѓани можат да даваат претходна правна помош доколку ги исполнуваат условите утврдени со овој закон, и тоа:

1. да се запишани во Регистарот на здруженија на граѓани во Централниот регистар на Република Македонија;
2. да имаат вработено најмалку еден дипломиран правник со положен правосуден испит;
3. во Актот за основање и Статутот на здружението на граѓани една од целите на неговото основање е давање на претходна правна помош во областа за која се основани .
4. да имаат склучено договор за осигурување на одговорност за можна штета при советување најмалку на најниската полиса/осигурителна сума.

(2) Содржината на барањето за добивање на овластување за давање на претходна правна помош го пропишува министерот.

Член 18

Овластените здруженија на граѓани за давање на претходна правна помош не смеат да користат било каков облик на реклама за давање на правна помош согласно со одредбите од овој закон. Недозволено рекламирање, е основ за одземање на овластувањето за давање на претходна правна помош.

Член 19

(1)Барањето за бесплатна правна помош, лицата од членот 12 став (2) од овој закон го поднесуваат до надлежното подрачно одделение на Министерството, лично или преку пошта на образец, чија содржина ја пропишува министерот.

(2)Кон барањето за бесплатна правна помош барателот доставува и писмена изјава потпишана од него и од членовите на неговото семејство со кој живее во исто домаќинство и заеднички ги сносат трошоците за живот за нивниот вкупен подвижен и недвижен имот како и дозвола за увид во сите податоци за нивната имотна состојба.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, кога барател на бесплатна правна помош е лице жртва на семејно насилство, тогаш изјавата од ставот (2) на овој член ја поднесува лично и не е потребно да биде потпишана од останатите членови на неговото семејство со кој живее во исто домаќинство.

(4) Кога барател на правна помош е лице азилант или жртва на трговија со луѓе, кон барањето приложува и потврда за својот статус, издадена од надлежен орган.

(5) За точноста на податоците наведени во барањето подносителот одговара материјално и кривично.

(6) Во постапка по бесплатна правна помош не се плаќаат административни такси.

Член 20

(1)Овластено службено лице од подрачното одделение на Министерството должно е барањето да го земе во работа веднаш, водејќи сметка за итноста на спорот предвиден во соодветна постапка, и најдоцна во рок од 15 дена од денот на доставувањето, да го комплетира со потребните документи и со предлог-решение да го достави до Министерството.

(2) Управата за јавни приходи е должна, врз основа на потпишаната изјава од ставот (2) на членот 19 од овој закон, веднаш, а најдоцна во рок од три дена да ги достави бараните податоците за имотната состојба на лицето барател на бесплатна правна помош, по доставено барање од страна на Министерството.

Член 21

(1) Министерството е должно по барањето за бесплатна правна помош да постапи најдоцна во рок од 15 дена од денот на добивањето на предметот од подрачното одделение на Министерството, водејќи сметка за итноста на спорот предвиден во соодведната постапка.

(2)Министерот по барањето за бесплатна правна помош одлучува со решение.

Член 22

Против решението за одбивање на барањето за бесплатна правна помош незадоволната странка може да поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на добивање на решението.

Член 23

(1) Во случај на одобрување на барањето за доделување на правна помош лицето корисник веднаш, а најдоцна во рок од седум дена треба да одбере да го реши спорот по пат на медијација или по судски пат.

(2) Доколку корисникот се одлучи спорот да го реши по пат на мадијација, а медијацијата не успее постапката може да продолжи по судски пат. При изборот на медијаторот ќе се почитува волјата на страните во спорот.

(3)Во случај на одобрување на правна помош ќе се почитува волјата на корисникот при изборот на адвокат, доколку постои можност за тоа. Кога спорот се решава по судски пат изборот на адвокат, Министерството во соработка со корисникот, го врши со решение веднаш или најдоцна во рок од седум дена по донесување на решението за одобрување на правна помош.

(4)Во случаи кога од соодветната адвокатската заедница нема запишано адвокат во Регистарот на адвокати за давање на бесплатна правна помош, тогаш Министерството определува адвокат од друга најблиска адвокатска заедница на начин предвиден во ставот (3) од овој член.

(5)Избраниот адвокат може да овласти друг адвокат од Регистарот на адвокати за давање на бесплатна правна помош, со одобрение на Министерството.

Член 24

(1)По одобрување на барањето за доделување на правна помош, корисникот на ова право мора да ги исполнува сите услови за негово добивање во текот на целата постапка за која истата е одобрена се до нејзино правосилно завршување заради што е должен за секоја настаната промена, која би можела да влијае на остварувањето на ова право, веднаш ,а најдоцна во рок од осум дена да го извести Министерството.

(2) Во случај корисникот на правото од ставот (1) на овој член во предвидениот рок да не го извести Министерството за настанатата промена која влијае на оставарувањето на ова право, Министерството може да одлучи да го запре оставарувањето на ова право и во судска постапка да побара надоместок на претрпените трошоци.

Член 25

(1)Ако по одобрување на барањето за бесплатна правна помош дојде до промена во имотната состојба на корисникот која доколку постоела во моментот на одлучувањето би довела до одбивање на барањето, министерот ќе донесе решение за престанок на користење на правото на бесплатна правна помош.

(2)Ако се утврди дека подносителот на барањето за бесплатна правна помош дал неточни податоци со цел да оствари право на бесплатна правна помош, со решение нема да му се одобри користењето на ова право и тој нема право да поднесе ново барање во наредните шест месеци од денот на донесувањето на решението.

(3) Ако во време на користењето на правото на бесплатна правна помош се утврди дека корисникот дал неточни податоци со цел да оствари право на бесплатна правна помош, министерот со решение ќе го запре натамошното остварување на ова право и ќе побара враќање на исплатените средства во рок од осум дена. Доколку во предвидениот рок странката не ги врати исплатените средства, Министерството ќе поведе постапка пред надлежен суд за враќање на исплатените средства .

Глава четврта
РЕГИСТРИ ЗА ПРАВНА ПОМОШ И НАДЗОР

Член 26

Министерството за правда води Регистар на адвокати за правна помош (во натамошниот текст:Регистар на адвокати), Регистар на медијатори за правна помош (во натамошниот текст Регистар на медијатори) и Регистар на здруженија на граѓани за претходна правна помош со кој адвокатот, медијатарот и здружението се овластуваат да извршуваат соодветна правна помош на подрачјето на определениот апелационен суд.

Член 27

(1) Регистрите од членот 26 на овој закон се водат во писмена и електронска форма, и се објавуваат на веб- страницата на Министерството.

(2) Министерството доставува до Адвокатската комора на Република Македонија препис од Регистарот на адвокати и до Комората на медијатори препис од Регистарот на медијатори.

Член 28

(1)Барањето за запишување во Регистарот на адвокати односно Регистарот на медијатори, адвокатот, односно медијаторот го пополнува на образец и го доставува до Министерството.

(2)Министерството може во однос на барањето од ставот (1) на овој член да побара проверка на податоците од Адвокатската комора и од Комората на медијатори.

(3)Министерот донесува решение за запишувањето на адвокатот, односно медијаторот во Регистрите од ставот 1 на овој член во рок од осум дена од денот на поднесеното барање.

(4) Содржината на образецот од ставот (1) на овој член ја пропишува министерот.

Член 29

(1)Здруженијата на граѓани кои се заинтересирани да даваат претходна правна помош поднесуваат барање за добивање на овластување до Министерството кон кое приложуваат документи, согласно членот 17 од овој закон и тоа: актот за основање и статутот на здружението, доказ за вработено лице-дипломиран правник со положен правосуден испит, копија од полисата за осигурување и доказ дека се запишани во Централниот регистарот на Република Македонија на здруженијата на граѓани.

(2)Министерот е должен по барањето во рок од 30 дена од денот на неговиот прием да одлучи со решение со кое го овластува здружението на граѓани да дава претходна правна помош и го запишува во Регистар на здруженија на граѓани за претходна правна помош.

(3) Против решението на министерот со кое се одбива барањето за упис во Регистарот на здруженија на граѓани за претходна правна помош може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Член 30

(1)Министерот, нема да запише адвокат во Регистарот на адвокати или запишаниот адвокат ќе го избрише од Регистарот на адвокати:

- ако му е изречена дисциплинска мерка во вршење на адвокатската дејност и
- ако при вршење на редовен надзор над доверениот предмет, се утврди несовесно, нестручно и непрофесионално вршење на доверената работа.

(2)Бришењето од Регистарот на адвокати се спроведува со решение на министерот .

(3)Против решението со кое се одбива барањето за запишување на адвокат во Регистерот на адвокати, односно за негово бришење од Регистерот на адвокати, адвокатот има право да поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

(4)Бришењето од Регистарот на адвокати се објавува на веб- страницата на Министерството и се доставува до Адвокатската комора.

Член 31

(1)Министерот, нема да запише медијатор во Регистарот на медијатори или запишаниот медијатор ќе го избрише од Регистарот на медијатори:

- ако му е изречена дисциплинска мерка во вршење на медијаторската дејност и
- ако при вршење на редовен надзор над доверениот предмет, се утврди несовесно, нестручно и непрофесионално вршење на доверената работа.

(2)Бришењето од Регистарот на медијатори се спроведува со решение на министерот .

(3)Против решението со кое се одбива барањето за запишување на медијатор во Регистерот на медијатори, односно за негово бришење од Регистерот на медијатори, медијаторот има право да поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

(4)Бришењето од Регистарот на медијатори се објавува на веб- страницата на Министерството и се доставува до Комората на медијатори.

Член 32

(1) Министерот со решение ќе го избрише од Регистарот здружението на граѓани овластено за давање на претходна правна помош во случаите кога:

- при вршење на редовен надзор над предметот утврди несовесно, нестручно и непрофесионално вршење на доверената работа,
- доколку здржението на граѓани повеќе не ги исполнува условите наведени во членот 17 од овој закон, и
- утврди недозволено рекламирање.

(2) Против решението на министерот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

(3) Бришењето од Регистарот на здруженија на граѓани овластено да дава претходна правна помош се објавува на веб-страницата на Министерството.

Член 33

Надзорот над спроведувањето на одредбите од овој закон го врши Министерството.

Член 34

(1)Министерството врши надзор над работата на адвокатот, медијаторот и овластеното здружението на граѓани во давањето на бесплатната правна помош.

(2) Министерството во вршењето на надзорот од ставот (1) на овој член има право да бара мислење од надлежниот орган пред кој се води постапката како и информации и други податоци од лицето на кое му е одобрено користењето на правната помош.

Член 35

(1)Министерството за работата од областа на бесплатната правна помош поднесува годишен извештај до Владата на Република Македонија.

(2)Извештајот од ставот (1) на овој член се објавува на веб- страницата на Министерството.

(3)Во извештајот особено се содржани податоци за:

- бројот на доставените барања за бесплатна правна помош;
- бројот на донесени решенија за одобрена правна помош;
- бројот на одбиени барања за бесплатна правна помош;
- видот на работата, за кој е одобрена правна помош;
- обемот на средствата исплатени за одобрената правна помош;
- обемот на вратените средства од наплатени трошоци во постапка за извршување;
- статистичките показатели и
- оддржани денови на бесплатен правен совет.

Глава петта

НАГРАДА ЗА ДАДЕНА ПРАВНА ПОМОШ

Член 36

(1)Наградата на адвокатот за дадена правна помош се пресметува согласно трошковникот на адвокатот за обемот на

извршената работа по секој предмет поодделно, доставен до Министерството, а согласно Тарифата за награди и надоместок на трошоците за работа на адвокатите намалена за 30%.

(2) Адвокатот, трошковникот го поднесува на пропишан образец.

(3) На адвокатот нема да му се исплати надоместок за конкретниот случај ако Министерството при вршење на редовен надзор утврди несовесно, нестручно и непрофесионално вршење на доверената работа, за што донесува решение.

(4) Против решението од ставот (3) на овој член, адвокатот може да поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

(5) Содржината на образецот од ставот (2) на овој член ја пропишува министерот.

Член 37

1)Наградата на медијатарот за извршената медијација се пресметува согласно трошковникот на медијаторот за обемот на извршената работа по секој предмет поодделно, доставен до Министерството, а согласно Тарифата за награди и надоместок на трошоците за работа на медијаторите намалена за 30%.

(2) Медијаторот, трошковникот го поднесува на пропишан образец.

(3) На медијаторот нема да му се исплати надоместок за конкретниот случај ако Министерството при вршење на редовен надзор утврди несовесно, нестручно и непрофесионално вршење на доверената работа, за што донесува решение.

(4) Против решението од ставот (3) на овој член медијаторот има право да поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

(5) Содржината на образецот од ставот (2) на овој член ја пропишува министерот.

Член 38

(1)Наградата на овластеното здружение на граѓани за дадена претходна правна помош се пресметува согласно трошковникот за обемот на извршената работа по секој предмет

поодделно, за кој е донесено решение за одобрена претходна правна помош, доставен до Министерството, а согласно Тарифата за награди и надоместок на трошоците за работа на здруженија на граѓани за вршење на работи на претходна правна помош.

(2)Здружението, трошковникот го поднесува на пропишан образец.

(3) На здружението нема да му се исплати надоместок за конкретниот случај ако Министерството при вршење на редовен надзор утврди несовесно, нестручно и непрофесионално вршење во работата, за што донесува решение.

(4) Против решението од ставот (3) на овој член, може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

(5)Тарифата од ставот (1) на овој член ја донесува министерот.

(6) Содржината на образецот од ставот (2) на овој член ја пропишува министерот.

Член 39

(1)Доверител, односно должник за наплата на трошоците во постапката за извршување согласно Законот за извршување е Република Македонија, односно Министерството.

(2)Барањето за извршување го поднесува Министерството.

## Глава шеста
## Денови на бесплатен правен совет

Член 40

(1)Министерството во соработка со Адвокатската комора, Нотарската комора, Комората на извршители и Комората на медијатори квартално организира одржување на денови на бесплатен правен совет за сите граѓани за прашања од областа на медијацијата, адвокатурата, нотаријатот и извршувањето.

(2)Министерството донесува тромесечен план за редоследот и времето на одржување на деновите на бесплатен правен совет, кој јавно го објавува во дневниот печат.

## Глава седма
## Посебни одредби за одобрување на бесплатна правна помош во прекугранични спорови

### Член 41

(1) Прекуграничен спор во смисла на овој закон е спор во кој странката која е подносител на барањето за правна помош е со живеалиште или постојано престојувалиште во земја- членка на Европската унија во која се наоѓа судот или каде што одлуката се спроведува.

(2) Правна помош во прекугранични спорови се одобрува во парнична постапка во сите фази и степени како и во постапка за медијација .

(3) Бесплатна правна помош не се одобрува во управни, даночни и царински работи.

(4) Постоење на прекуграничен спор се утврдува согласно времето на поднесување на барањето за бесплатна правна помош.

### Член 42

(1) На подносителот на барањето за бесплатна правна помош во прекугранични спорови ќе му се одобри барањето доколку ги исполнува критериумите од овој закон во висина на износ предвиден како за државјанин на Република Македонија, на начин и постапка утврдена со овој закон.

(2)По исклучок од ставот (1) на овој член, бесплатна правна помош може да биде одобрена и тогаш кога барателот не ги исполнува критериумите предвидени со овој закон, доколку докаже дека не е во состојба да ги плати трошоците на постапката заради разлика во трошоците на живот помеѓу државата членка во која што има живеалиште или постојано престојувалиште и трошоците за живот во Република Македонија.

(3) Бесплатна правна помош не мора да биде доделена на подносителот на барањето доколку тој во конкретниот случај има ефективен пристап до други механизми на правна помош кои ги покриваат трошоците на постапката предвидени со членот 44 од овој закон.

(4)Во постапка за одобрување на правна помош во прекугранични спорови не се плаќаат административни такси.

Член 43

(1) Странка која има живеалиште или постојано престојувалиште во држава членка на Европската унија, а бара бесплатна правна помош во прекуграничен спор пред суд во Република Македонија, остварува право на правна помош согласно со овој закон. За утврдување на живеалиште или престојувалиште меродавно е правото на државата во која странката има живеалиште или постојано престојувалиште.

(2)Лицето од ставот 1 на овој член или надлежниот орган на државата-членка во која подносителот на барањето има живеалиште или постојано престојувалиште, барањата за бесплатна правна помош во Република Македонија ги доставуваат до Министерството за правда.

(3)Обрасците и сите приложени документи мора да бидат доставени во превод на македонски јазик, во спротивно барањето за бесплатна правна помош ќе биде отфрлено.

(4)Министерството со решение ќе го одбие барањето ако утврди дека не се работи за прекуграничен спор во смисла на овој закон, или ако барањето го поднела странка која нема право на правна помош во прекугранични спорови.

(5)Против решението со кое се отфрла или одбива барањето за бесплатна правна помош може да се поведе управен спор пред надлежен суд.

Член 44

(1) Бесплатната правна помош која се доделува во земјата-членка на Европската унија во која заседава судот ќе ги покрие следните трошоци поврзани со прекуграничнот карактер на спорот:

1. толкување,
2. превод на документи кои ги бара судот или надлежниот орган и кои ги користи примателот како неопходни за решавање на случајот и

3. патните трошоци за барателот кога физичкото присуство на лицата задолжени за претставување на случајот на подносителот е неопходно во судот, согласно закон или според судот на таа земја-членка кога судот одлучил дека лицата не можат да бидат задоволително сослушани на ниту еден друг начин.

Член 45

(1) Лице кое има живеалиште или постојано престојувалиште во Република Македонија, а кое се јавува како барател на бесплатна правна помош во прекугранични спорови пред суд на друга држава членка на Европската унија, своето барање го доставува до надлежното подрачното одделение на Министерството кое е должно барањето да го достави до Министерството најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

(2) Министерството, барањето заедно со пропратната документација, ќе ги преведе на службениот јазик или на еден од службените јазици на државите членки на Европската унија и ќе го достави до надлежниот орган за прием на писмена на државата членка на Европската унија во која судот постапува или во која се бара извршување на судската одлука, во рок од 15 дена од приемот на барањето. Ако барањето за бесплатна правна помош не биде одобрено, подносителот на барањето е должен да ги надополни трошоците на преведување.

(3)Министерството ќе го одбие барањето со решение ако утврди дека не се работи за прекуграничен спор во смисла на овој закон, или ако барањето го поднела странка која нема право на бесплатна правна помош во прекугранични спорови.

(4)Против решението со кое се отфрла или одбива барањето за бесплатна правна помош може да се поведе управен спор пред надлежен суд.

(5)По исклучок од ставот (1) на овој член, барањето за бесплатна правна помош лицето може да го достави непосредно на органот што е надлежен за прием на барањата во државата членка на Европската унија во која постапува судот кој треба да ја изврши судската одлука.

Член 46

(1) Земјата-членка на Европската унија во која подносителот на барањето за бесплатна правна помош има живеалиште или постојано престојувалиште ќе обезбеди правна помош неопходна за покривање на:

1.трошоците за помош од адвокат или друго лице овластено со закон да дава правна помош, што настанале во таа земја-членка додека не е одобрено барањето за бесплатна правна помош во земјата-членка каде што заседава судот,

2.превод на барањето и на неопходните документи кога барањето е поднесено до органите во таа земја-членка.

Член 47

(1)Барањето за бесплатна правна помош и за испраќање на барање за бесплатна правна помош од членот 43 од овој закон, се поднесуваат на пропишани обрасци.

(2) Содржината на обрасците од ставот (1) на овој член ја пропишува министерот.

Глава осма
Преодни и завршни одредби
Член 48

Подзаконските акти предвидени со овој закон министерот ќе ги донесе во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон, а подзаконскиот акт од членот 47 ќе го донесе во рок од една година.

Член 49

Одредбата од членот 41 став (1) не се однесува на Кралството Данска.

Член 50

Одредбите од 41 до 47 од овој закон ќе отпочнат со примена по пристапување на Република Македонија во Европската унија.

Член 52

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Македонија”, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2010 година.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТННА ПРАВНА ПОМОШ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Предлогот за донесување на Законот за бесплатна правна помош е систематизиран во осум глави и содржи 52 члена.

Во Првата глава се дадени основните одредби со кои се уредува правото на бесплатна правна помош, целта на Законот, значењето на пооделни изрази, средствата и видовите на правото.

Барањето за правната помош согласно со одредбите на овој закон ќе се дозволи во сите судски и управни постапки, доколку со него се решава егзистенцијално прашање за барателот на правната помош.

Под егзистенцијално прашање во смисла на овој закон се подразбираат особено: статусните прашања, правата од областа на социјалното, пензиското или инвалидското осигурување, работните односи, заштитата на деца и младинци, жртви на семејното насилство, заштита на жртви од казниви дела, заштита на жртви од трговија со луѓе, имотноправни и други прашања за кои Министерството ќе оцени дека се од егзистенцијална природа за барателот на правната помош.

Во Втората глава се содржани одредби за корисниците на бесплатната правна помош. Согласно Законот, право на бесплатна правна помош имаат државјани на Република Македонија со постојано живеалиште во Република Македонија, лица корисници на социјална помош, корисници на право на инвалидски додаток, кои не остваруваат други приходи по основ

на заработувачка или приходи од недвижности, корисници на најниска пензија  кои живеат во семејна заедница со две или повеќе лица издржувани од него како и семејства или самохран родител со едно или повеќе малолетни деца кои остваруваат право на детски додаток.

Бесплатна правна помош може да остварува и лице на кое му е одобрен азил, раселено или прогонето лице кое на територијата на Република Македонија има престојувалиште и странски државјанин, кој во согласност со меѓународните договори, без оглед дали на територијата на Република Македонија има престојувалиште или живеалиште, остварува негово право за кое е надлежен државен орган на Република Македонија, лице без државјанство кое законски престојува во Република Македонија како и државјанин на земја членка на Европската унија, по влегувањето на Република Македонија за членка во Европската унија.

Во Третата глава е регулирано остварувањето на правото на  бесплатна правна помош. Оваа правна помош ги опфаќа трошоците на постапката што настанале по денот на одобрувањето на барањето за доделување на бесплатна правна помош и дејствијата за правна помош кои по денот на добивањето на правната помош се уште не биле извршени. Во оваа глава е дефинирана постапката за одобрување на правната помош и условите кои треба да ги исполни здружението на граѓани за да се запише како давател на претходна правна помош.

Во членовите 19-23 е разработена постапката за поднесување на барањето за бесплатна правна помош и правните лекови во случај на негативна одлука.

Четвртата глава ја регулира материјата за Регистар за правна помош на адвокати, медијатори и здруженија на граѓани определени да извршуваат правна помош на подрачјето на соодветните апелациони судови. Во оваа глава е пропишана процедурата за запишување и основите за бришење на адвокат, медијатор и здружение на граѓани од соодветните регистари за правна помош. Едновремено во оваа глава се содржани и одредби за надзорот над работата на адвокатот, медијаторот и здружението на граѓани на кој му е доверено вршењето на правна помош, кое го врши Министерството за правда. Несовесното, нестручното и непрофесионално извршување на бесплатна правната помош е основ на избраниот адвокат, медијатор или здружение на граѓани да не им се исплати надоместок за извршената работа, а е основ и за нивно бришење од соодветниот регистар за бесплатна правна помош.

Министерството е задолжено еднаш годишно да поднесува извештај за својата работа од областа на бесплатната правна помош до Владата на Република Македонија.

Во Петтата глава се содржани одредби за награда за дадената правна помош. Имено, се предвидува наградата на адвокатот за дадената правна помош да се пресметува согласно трошковникот на адвокатот за обемот на извршената работа по секој предмет поодделно, а согласно Тарифата за награда, намалена за 30%.

Во случаи кога странката која е корисник на правна помош Министерството оцени дека треба да ја упати на медијација, за извршената медијација на медијаторот му се исплатува награда пресметана согласно трошковникот за обемот на извршената работа, а согласно Тарифата за награда намалена за 30%.

На здруженијата на граѓани за дадена претходна правна помош им се исплатува награда пресметана согласно трошковникот за обемот на извршената работа по секој предмет пооделно, за кој е донесено решение за одобрена правна помош, а согласно Тарифата за награда што ја донесува министерот.

Она што е потребно да се напомене е дека како доверител односно должник за наплата на трошоците во постапката во која е определена бесплатна правна помош е Република Македонија-Министерство за правда.

Во Шестата глава се содржани одредби со кој се предвидува Министерството за правда во соработка со Адвокатската, Нотарската, Извршителската и Комората на медијатори, организира денови на бесплатен правен совет за граѓаните по населени места, за што изготвува тромесечен план за редоследот и времето на нивното одржување . На деновите на бесплатен правен совет граѓаните може бесплатно да добиваат правни совети за прашања од областа на медијацијата, адвокатурата, нотаријатот и извршувањето.

Во Седмата глава се содржани транспорирани одредби од Директивата на Комисијата 2002/8/ЕК од 27 јануари 2003 за подобрување на пристапот до правдата во прекуграничните спорови преку воспоставување на минимални заеднички правила поврзани со правната помош во таквите спорови, а кои ќе влезат во сила со пристапувањето на Република Македониа во членсто на Европската унија.

Во Осмата глава се содржани преодните и завршните одредби, роковите за донесување на подзаконските акти и неговата примена.

Се предвидува одложено дејство на примената на Законот од 1 јануари 2010 година.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предлогот на Законот за бесплатна правна помош нема директна поврзаност со други прописи. Имено, во членот 7 од предложениот закон се наведува дека бесплатната правна помош предвидена со овој закон не се однесува на случаите на задолжителна одбрана предвидена во кривичното право и Законот за малолетничка правда, ниту ослободување од плаќање на трошоците на постапката предвидени во Законот за парничната постапка и Законот за општата управна постапка.

Со овој закон генерално се решава проблемот за обезбедување, од страна на државата, на бесплатна правната помош на лица кој заради својата тешка материјална состојба не се во можност да ги остварат своите права пред институциите на системот.

## III ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА.

Со донесувањето на овој закон целосно ќе се заокружи материјата на правна помош, и ќе се овозможи еднаков пристап на сите граѓани до институциите на системот .